ТТК БАНКА АД Скопје
ул. Народен Фронт 19а
1000 Скопје, Македонија
тел: 02/32 36 400 факс: 02/31 31 387

www.ttk.com.mk
e-mail: ttk@ttk.com.mk
ЕМБС: 6121110 ЕДБ: 4030006597638
платежна с-ка: 290-1000000000-46

**Известување за измена на Тарифа за надоместоци на услуги**
**со примена од 01.04.2025 година**

Почитувани,

Ве информираме дека во согласност со пазарните услови, ТТК Банка АД Скопје изврши измена на Тарифата за надоместоци на услугите во делот за користење интернет (ТТК E-Bank) и/или мобилна апликација (ТТК M-Bank) за физички лица.

Со примена од 01.04.2025 година се воведува надоместок за користење **интернет банка (ТТК E-bank) и/или мобилна апликација (ТТК M-bank) за физички лица** во висина од **30 ден. месечно.**

Надоместокот ќе се наплатува **само за направена активност,** односно **за направен пристап** или **за направен пристап и трансакција**.

Во Тарифата, во глава **I. ДЕНАРСКО РАБОТЕЊЕ**, точка **3. ДЕНАРСКИ ПЛАТЕН ПРОМЕТ**, потточка **3.2. Денарски платен промет за физички лица**, се менува потточката **3.2.6. Онлајн користење на услуги поврзани со платежна сметка** и гласи:

**3.2.6. Онлајн користење на услуги поврзани со платежна сметка**

| | |
|---|---|
| • Користење интернет (ТТК E-Bank) и/или мобилна апликација (ТТК M-Bank) | **Без надоместок** – без направен пристап во тековниот месец преку интернет (ТТК E-Bank) и/или мобилна апликација (ТТК M-Bank)<br><br>**30 ден. месечно - за направен пристап** во тековниот месец преку интернет (ТТК E-Bank) и/или мобилна апликација (ТТК M-Bank) |

За измените во Тарифата можете да се информирате на известувањето на линкот https://documents.ttk.com.mk, на интернет-страницата на ТТК Банка АД Скопје преку следното известување, како и во филијалите и експозитурите на Банката.

Доколку пред датумот на примена на измените не ја известите Банката дека ги одбивате измените и не доставите барање за раскинување на рамковниот договор за платежна сметка, Банката ќе смета дека ги прифаќате предложените измени.

Ви благодариме што ги користите услугите на ТТК Банка АД Скопје.

Со почит,
ТТК Банка АД Скопје